# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО



| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **БР. 10 ГОД.26** |



**Општина Чучер-Сандево Септември 2023 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| Излегува по потреба | Петок 29.09.2023 год. | Бр. 10 Год. 26 |
|---|---|---|


# 70.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програма за спорт и рекреација на Општина Чучер-Сандево за 2023 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **28**-та седница, одржана на **29.09.2023** година.

**Бр.09-1297/1**
**29.09.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка 6 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), и член 16 став (1) точка 6 и член 23 став (1) точка 11 од Статут на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **28-та** седница, одржана на **29.09.2023** година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Програмата за спорт и рекреација на Општина Чучер-Сандево за 2023 година бр.08-1464/13 од 28.12.2022 година се врши изменување и дополнување, на тој начин што во точка 4.5 став (2) се менува и гласи:

„Средствата ќе бидат доделувани по објава на Јавен повик, а согласно Правилник за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства за признанија и награди во областа спорт и рекреација од Буџетот на Општина Чучер-Сандево преку Комисија за награди и признанија.’’

**Член 2**

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08- 1258/3**
**29.09.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 71.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ ВО ОБЛАСТА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Правилник за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства за признанија и награди во областа спорт и рекреација од Буџетот на Општина Чучер-Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **28**-та седница, одржана на **29.09.2023** година.

**Бр.09-1297/2**
**29.09.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 26 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.Весник на Р.М.“ бр.05/02), Советот на Општина Чучер Сандево, на **28-та** седница на Советот на општина Чучер-Сандево, одржана на **29.09.2023** година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства за признанија и награди во областа спорт и рекреација од Буџетот на Општина Чучер-Сандево

## ОПШТИ ОДРЕДБИ
### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите и постапката за доделување на средства за признанија и награди од Буџетот на Општина Чучер-Сандево на физички лица, учесници во индувидуални и колективни спортови.

### Член 2

Физички лица од член 1 на овој правилник кои ќе поднесат барање, кон барањето треба да ја достават и следната документација:

1. Фотокопија од лична карта од барателот или законскиот застапник (родител);
2. Извод од матична книга на родени;
3. Трансакциска сметка на барателот или законскиот застапник (родител);
4. Пофалници;
5. Дипломи;
6. Уверенија;
7. Потврда или друга соодветна документација издадена од клубот во кој што членува со која се потврдуваат постигнатите успеси.

### Член 3

Барањето со документацијата се доставува преку архивата на Општината до Совет на Општина Чучер Сандево, Комисија за признанија и награди, во затворено плико со назнака „Барање за доделување на средства за признанија и награди„.

Барањата може да се доставуваат по објавување на Јавен повик за доделување на средства за признанија и награди во областа спорт и рекреација од Буџетот на Општина Чучер-Сандево.

### Член 4

Од пристигнатите барање ќе бидат евалуирани само барањата кон кои се приложени докази за постигнати резултати во период од 30$^{ти}$ Октомври во претходната година до 30$^{ти}$ Октомври во тековната година.

### Член 5

Комисијата согласно критериумите изготвува Предлог за доделување на средства од Буџетот и истиот го доставува до Градоначалникот на општината за изготвување на Решение.

### Член 6

Комисијата од член 3 на овој Правилник е должна при разгледување на барањата за доделување на средствата да ги почитува и да се придржува кон критериумите утврдени во овој Правилник.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

**Член 7**

Критериумите за доделување на средствата се утврдуваат врз основа на постигнати резултати на општинско, меѓуопштинско, државно, регионално, европско и светско ниво.

1. Физички лица

Основен услов кој треба да го исполнува барателот е да е жител на Општина Чучер-Сандево.

Со барањето, барателот доставува и портфолио за постигнати резултати односно краток есеј со кој ќе прикаже:

а) значење на програмите, проектите или активностите за општината, регионот, Републиката или значење од меѓународен карактер;

б) можност за афирмација на општината;

в) претходни успеси, добиени награди во општината, регионот, Републиката или меѓународни награди;

г) временски период за реализација на активностите;

д) висина на обезбедените средства од донатори или други извори.

**Член 8**

Висината на наградите се утврдува во следните износи:

**А)**

За резултати постигнати на општинско ниво:
-за освоено I место-износ од 3.000,00 денари.
-за освоено II место-износ од 2.000,00 денари.
-за освоено III место-износ од 1.000,00 денари.

**Б)**

За резултати постигнати на меѓуопштинско ниво:
-за освоено I место-износ од 5.000,00 денари.
-за освоено II место-износ од 3.000,00 денари.
-за освоено III место-износ од 2.000,00 денари.

**В)**

За резултати постигнати на државно ниво
-за освоено I место-износ од 10.000,00 денари.
-за освоено II место-износ од 8.000,00 денари.
-за освоено III место-износ од 5.000,00 денари.

**Г)**

За резултати постигнати на регионално ниво:
-за освоено I место-износ од 20.000,00 денари.
-за освоено II место-износ од 15.000,00 денари.
-за освоено III место-износ од 10.000,00 денари.

**Д)**

За резултати постигнати на европско ниво:
-за освоено I место-износ од 30.000,00 денари.
-за освоено II место-износ од 20.000,00 денари.
-за освоено III место-износ од 10.000,00 денари.

**Ѓ)**
За резултати постигнати на светско ниво:
-за освоено I место-износ од 60.000,00 денари.
-за освоено II место-износ од 40.000,00 денари.
-за освоено III место-износ од 30.000,00 денари.

**Член 10**

Исто лице, може да поднесе само едно барање по објавен Јавен повик за доделување на средства за признанија и награди во областа спорт и рекреација од Буџетот на Општина Чучер-Сандево.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на негово донесување.

**Член 12**

Со донесување на овој правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средствата за признанија и награди од Буџетот на Општина Чучер-Сандево, бр.08-373/8 од 28.03.2022 година.

**Бр.08- 1258/4**
**29.09.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 72.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ “МИЛО МОЕ” ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ “Мило Мое” Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **28**-та седница, одржана на **29.09.2023** година.

**Бр.09-1297/3**
**29.09.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 23 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Чучер-Сандево

(“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **28-та** седница одржана на **29.09.2023** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ “МИЛО МОЕ” ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

1. Советот на Општина Чучер-Сандево ја усвои Годишната програма за работа на ЈОУДГ “МИЛО МОЕ” Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ “МИЛО МОЕ” Чучер-Сандево, со Одлука бр.02-130/6 од 30.08.2023 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08- 1258/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**29.09.2023 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 73.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ОРГАН ЗА НАДЗОР НА ЈОУДГ “МИЛО МОЕ” ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Одлука за именување на членови на Орган за надзор на ЈОУДГ “Мило Мое” Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **28**-та седница, одржана на **29.09.2023** година.

**Бр.09-1297/4** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**29.09.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 131 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Р.М”.бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и “Службен весник на РСМ” бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 23 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Советот на Општина Чучер-Сандево на својата **28-та** седница одржана на **29.09.2023** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ОРГАН ЗА НАДЗОР НА ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

За членови на Орган за надзор за контрола на материјално финансиското работеење на ЈОУДГ "Мило Мое", Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, се именуваат:

1.Христијана Стајковска

2.Наташа Стајковиќ

3.Ана Гурмешевиќ

4.Сашко Урдаревски

5.Мартина Пирковиќ

**Член 2**

Членовите на Органот за надзор од член 1 на оваа Одлука се именуваат со мандат во траење од четири години.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1258/6**
**29.09.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р**

# 74.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА ПЕРИОД ОД 2022-2026 ГОДИНА**

Се објавува **Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за период од 2022-2026 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **28**-та седница, одржана на **29.09.2023** година.

**Бр.09-1297/5** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**29.09.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 80 и 80а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РС Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20) и член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **28-та** седница одржана на **29.09.2023** година, донесе

## О Д Л У К А

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА ПЕРИОД ОД 2022-2026 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа одлука се донесуваат измени и дополнувања на Програмата за урбана опрема на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за период 2022-2026 година, технички број 014-PR/2023 од септември 2023 година, изработена од Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги УРБАНПЛАННЕР ДООЕЛ, Гостивар.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08- 1258/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**29.09.2023 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 75.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ОД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ПОДЕЛБА И ФОРМИРАЊЕ НА НОВИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ НА ГО-1.1 ОД ЛУПД ЗА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Г2 (РЕШЕНИЕ БР.11-666/3 ОД 04.06.2015 ГОД) НА КП 3130/1, КП3130/2 И КП3130/3, КО ГЛУВО-БРАЗДА, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за поделба и формирање на нови градежни парцели на ГП-1.1 од ЛУПД за објект со намена Г2 (Решение бр. 11-666/3 од 04.06.2015год) на КП 3130/1, КП 3130/2 и КП 3130/3, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **28**-та седница, одржана на **29.09.2023** година.

**Бр.09-1297/6** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**29.09.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 63 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20), член 16 став 1 точка 1 и член 23 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево ” бр.5/19) и Прирачникот за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација бр.24-6836/1 од 15.10.2021 година донесен од Министерство за транспорт и врски, Советот на Општина Чучер-Сандево на **28-та** седницата одржана на **29.09.2023** година, донесе

## О Д Л У К А

**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за поделба и формирање на нови градежни парцели на ГП-1.1 од ЛУПД за објект со намена Г2 (Решение бр. 11-666/3 од 04.06.2015год) на КП 3130/1, КП 3130/2 и КП 3130/3, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**

### Член 1

Со оваа одлука се донесува План за парцелација од **Урбанистички проект со план за парцелација за поделба и формирање на нови градежни парцели на ГП-1.1 од ЛУПД за објект со намена Г2 (Решение бр. 11-666/3 од 04.06.2015год) на КП 3130/1, КП 3130/2 и КП 3130/3, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево..**

Планот за парцелација како составен дел на **Урбанистички проект со план за парцелација за поделба и формирање на нови градежни парцели на ГП-1.1 од ЛУПД за објект со намена Г2 (решение бр. 11-666/3 од 04.06.2015год) на КП 3130/1, КП 3130/2 и КП 3130/3, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**, е изготвен во целост почитувајќи ги одредбите зададени од важечката **ЛУПД за објект со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 3130/1, КП 3130/2 и КП 3130/3, КО Глуво Бразда (Решение бр. 11-666/3 од 04.06.2015год.,** како и согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.225/20 и 219/21) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Член 2**

Со Планот за парцелација од **Урбанистички проект со план за парцелација за поделба и формирање на нови градежни парцели на ГП-1.1 од ЛУПД за објект со намена Г2 (решение бр. 11-666/3 од 04.06.2015год) на КП 3130/1, КП 3130/2 и КП 3130/3, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево** се формираат три градежни парцели на **КП 3130/1, КП 3130/2 и КП 3130/3** КО Глуво-Бразда, со вкупна површина од 16032 м2.

**Член 3**

Планот за парцелација од **Урбанистички проект со план за парцелација за поделба и формирање на нови градежни парцели на ГП-1.1 од ЛУПД за објект со намена Г2 (решение бр. 11-666/3 од 04.06.2015год) на КП 3130/1, КП 3130/2 и КП 3130/3, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**, е изработен од Друштво за просторно и урбанистичко проектирање „ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО“ ДОО Гостивар, со технички број 49/22 од јули 2023 година.

Планот за парцелација е со следната содржина:

1. Опис и образложение на парцелата
2. Графички дел – план за парцелација
3. Синтезна карта.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08- 1258/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**29.09.2023 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 76.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Се објавува **Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **28**-та седница, одржана на **29.09.2023** година.

**Бр.09-1297/7** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**29.09.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09) 14 став (1) и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Советот на Општината-Чучер-Сандево, на **28-та** седница оддржана на **29.09.2023** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чучер-Сандево и Град Скопје заради заедничко вршење на работи кои што се однесуваат на санација и реконструкција на водоводна мрежа, изградба на фекална канализација и санација на улици како резултат од реконструкција во месноста Кучевачка Бара и Бел Камен.

**Член 2**

Општина Чучер-Санде во реализацијата на меѓуопштинската соработка ќе учествува со изготвување на урбанистичко проектна/планска документација, издавање на потребни одобренија/решенија и решавање на имотно правните работи.

Град Скопје во реализацијата на меѓуопштинската соработка ќе учествува со финасирање на санација и реконструкција на водоводна мрежа, изградба на фекална канализација и санација на улици како резултат од реконструкција во месноста Кучевачка Бара и Бел Камен, со средства обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2023; 2024 и 2025 година во износ од 170.837.166,00 денари со вклучен ДДВ согласно Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер-Сандево за санација и реконструкција на водоводна мрежа, изградба на фекална мрежа и санација на улици како резултат од реконструкција во Општина Чучер-Сандево, бр.27-9415/1 од 14.09.2023 година, донесена од Советот на Град Скопје.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука се овластува Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општината Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1258/9**
**29.09.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


**70.** ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023 ГОДИНА........................................................................................ стр. 1

**71.** ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ ВО ОБЛАСТА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО........................................................................................................ стр. 4

**72.** ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО........................................................ стр. 7

**73.** ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ОРГАН ЗА НАДЗОР НА ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО........................................................ стр. 8

**74.** ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА ПЕРИОД ОД 2022-2026 ГОДИНА ……...…..стр.9

**75.** ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ОД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ПОДЕЛБА И ФОРМИРАЊЕ НА НОВИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ НА ГО-1.1 ОД ЛУПД ЗА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Г2 (РЕШЕНИЕ БР.11-666/3 ОД 04.06.2015 ГОД) НА КП 3130/1, КП3130/2 И КП3130/3, КО ГЛУВО-БРАЗДА, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО........................................................ стр. 10

**76.** ОДЛУКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ........................................стр. 12